РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
MINISTRIA E SHËNDETËSISË
Бр.-Nr. 17-2484/23
29.04. 20 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Република Северна Македонија

**Министерство за здравство**

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 96/19 и 110/19) и член 114, став 1, алинеја 4 од Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 24/19), Министерот за здравство, донесе:

О Д Л У К А

за поништување на постапка со преговарање без објавување на оглас – набавка на заштитни медицински потрошни материјали за справување на состојба со COVID19

1. За постапката за јавната набавка со предмет на набавка на стоки - набавка на заштитни медицински потрошни материјали за справување на состојба со COVID19, бр. 20-2484/4, отпочната согласно Одлука за одпочнување на постапка за јавна набавка на стоки - број: 17-2484/3 од 06/04/2020 година по спроведена постапка со преговарање без објавување на оглас, НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР И ПОСТАПКАТА СЕ ПОНИШТУВА.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на член 55 став 1 точка г) од Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија" број 24/19) и член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), Министерот за здравство донесе Одлука за одпочнување на постапка за јавна набавка на стоки - број: 17-2484/3 од 06/04/2020 за набавка на заштитни медицински потрошни материјали за справување на состојба со COVID19, и преку Комисијата за јавни набавки формирана врз основа на истата Одлука спроведе постапка со преговарање без објавување на оглассо број 20-2484/4 .

Постапката се спроведе по добиено мислење од Бирото за јавни набавки со позитивна согласност бр. 18-561/2 на ден 16.03.2020 година да ја започне постапката со вкупна проценета вредност од 14.143.000,00 денари. Проценета вредност на набавката беше направена врз основа на пазарни цени на заштитните материјали пред прогласување на вонредна состојба.


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112500
www.zdravstvo.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
MINISTRIA E SHËNDETËSISË
Бр-Nr. 17-2484/23
23.04. 20 20 год-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Во фазата на преговарање учествуваа следниве квалификувани кандидати Биотек ДОО Скопје, Елбијор ДООЕЛ Скопје, Еурофарм Битола, Фармас МН Скопје и Др-Пановски Скопје за дел 1, дел 2 , дел 3 и дел 5 од набавката. Понудата на Кубис Медикал Скопје беше отфрлена со образложение за неутврдување на способноста на економскиот оператор од причина што истиот не донесе мостри во предвидениот рок, а што како задолжителен критериум беше побарано во тендерската документација. За дел 4 не беше доставена ниту една понуда од економски оператор.

По спроведените преговори за намалување на првично понудените цени од страна на економските оператори и доставување на нивните конечни понуди, вкупната вредност на конечните понуди за предметот на набавката за дел 1, дел 2, дел3 и дел 5 изнесува 33.785.972,00 денари без пресметан ДДВ, со што двојно се надминуваат предвидените средствата за спроведување на оваа постапка од 14.143.000,00 денари, а на која проценета вредност беше издадено и мислењето од страна на Бирото за јавни набавки.

По завршувањето на преговорите Комисијата за јавни набавки заклучи дека економските оператори во рамките на своите конечни понуди, понудија цени и услови за извршување на договорот за јавна набавка кои се понеповолни од реалните на пазарот, со оглед на фактот што од моментот на започнување на постапката, цените на заштитните потрошни материјали, согласно ново настаната ситуација и вонредна состојба во Република Северна Македонија, а општо и насекаде во светот рапидно и експресно брзо се зголемија паралелно и праволиниски со зголемувањето на побарувачката на овие добра.

Следствено, понудите доставени од страна на економските оператори се несоодветни во смисла на член 114 став 1 алинеа 4 од Законот за јавни набавки и од тие причини истите не одговараат на предвидениот буџет на договорниот орган утврден во Одлуката за отпочнување на постапката.

За начинот на работата и постапката спроведена од Комисијата за јавни набавки состави Записник од јавното отварање на понудите бр. 17-2484/12 од 09.04.2020 година и Извештај од спроведената постапка бр. 17-2484/22 од 18.04.2020 година, со кој му предлага на Министерот како овластен да донесе одлука за поништување на постапката за доделување на договор за јавна набавка на стоки бр. 20-2484/4, согласно член 114, став 1, точка 4 од Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 24/2019).

Имајќи го во предвид горенаведеното, а по оцена на сите факти и докази приложени кон списите на предметот, а особено предлогот на Комисијата за јавни набавки, се одлучи како во диспозитивот на оваа долука.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против оваа Одлука економскиот оператор кој има правен интерес има право да поднесе жалба согласно член 145 од Законот за јавни набавки(„Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 24/2019), до Државната Комисија за жалби по јавни набавки во електронска форма, во рок од 10 (десет) дена од денот на прием на одлуката за поништување на постапката. Жалбата истовремено се доставува согласно членот 147 од овој закон .

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА · REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT · МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО · MINISTRIA E SHËNDETËSISË · СКОПЈЕ · SHKUP

**Министер**
**Доц. Д-р Венко Филипче**

Изготвил: Александар Вељановски
Одобрил: Сандра Веловска


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112500
www.zdravstvo.gov.mk